Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за општините Штип и Радовиш на чиј простор припаѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип, е т.н. **"Источна развојна оска" која има добри изгледи да се оформи во источниот дел од Р. Македонија** поврзувајќи ги градовите: Куманово, Свети Николе, **Штип, Радовиш** и Струмица. На север еден крак оди кон Р. Србија, а од Струмица, еден крак води до Петрич во Р. Бугарија. **Во сегашно време оваа оска е со слаб интензитет, но развојот ќе го зголемува нејзиното значење.**

Сите оски кои се зацртани со Просторниот план на Државата ќе се имаат предвид за просторната организација, а во прв ред за модернизацијата на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн.

Значаен импулс во развојот и напредокот на националната економија обезбедуваат можните форми на **специфичните стопански просторни иновации** базирани врз стратешките цели коишто треба да се постигнат со нивната промоција.

Основните цели за формирање на специфични стопански целини-технолошко индустриска развојна зона (слободни економски зони) се: барањето на нови институционални, развојни форми коишто ќе бидат во функција на заживувањето на економскиот циклус; создавање на претпоставки за подобрување на просторната рамнотежа во развојот; стимулирање на директните инвестиции од странство; зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија; запазување на дефинираните еколошки стандарди и др.

За формирање на слободните економски зони, односно технолошки индустриските развојни зони, предвидени се локации во скопскиот, пелагонискиот, гевгелискиот, **штипскиот** и **струмичкиот** регион. За штипскиот регион донесен е Урбанистички проект за изградба на слободна економска зона (според стариот закон) "СЕЗ локалитет Три Чешми, општина Штип". Исто така и на просторот на Општина Радовиш со Урбанистички проект е предвидена изградба на ТИРЗ "Радовиш". Урбанистичкиот проект е во фаза на издавање согласност за негово спроведување.

Просторот предвиден со урбанистичките проекти за изградба на технолошките индустриски развојни зони е далеку од планскиот опфат на просторот за изградба на предвидените 66 ветерници за кои се изработуваат Условите за планирање.

Според нивото на развиеноста на стопанската структура, фазата од развојот во која се наоѓа стопанството, степенот на расположивоста на факторите, стопанските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Објективно идниот економски развој е условен од обемот на инвестициите. Како важна основа на идното инвестирање покрај доминантната ориентираност кон производството наменето за извоз, инвестирање во технолошко осовременување на капацитетите, развивање инвестициони проекти претежно со трудоинтензивни карактеристики поради обемната понуда на релативно ефтина работна сила, треба да се истакне и значењето на определбата за **продолжување на инвестирање во стопанска инфраструктура, во технолоша модернизација и градба на нови инфраструктурни објекти**, но со јасно определена општествена и економска корисност и инвестирање во мрежа на **локална и општествена инфраструктура** согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.

Снабдувањето со електроенергија, се издвојува како посебен **инфраструктурен услов за развој на стопанството**.

Развојот на инфраструктурните системи претставува **значајна детерминанта на идниот економски развој**. Електро-енергетската и комуналната инфраструктура се издвојуваат со својот придонес и влијание врз развојот и разместеноста на стопанските капацитети и дејности. Користењето на обновливата енергија на ветерот и безотпадното производство кореспондираат со основните определби на Просторниот план на Р. Македонија за одржлив локален и национален развој.

Согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија, идниот развој и разместеноста на стопанските дејности на овој простор вклучително и изградбата и активирањето на предвидените ветерници треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, **заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделието, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална

општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на бонитетната структура на оработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустрископреработувачки капацитети.

За оптимално искористување на еколошките и други услови, се предлага да се користи реонизацијата според која **Република Македонија е поделена во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони**. Подрачјето за изработка Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип, предвидува вкупно 66 ветерници со поврзување на истите, пристапни патишта и кабловска мрежа и трафостаници на територијата на општините Штип, Радовиш и Карбинци.

Локалитетите се наоѓаат во **Медитеранскиот или Повардарски реон, поделен на Јужно-медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користење и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Заштитата на земјоделското земјиште, како една од приоритетните определби на Просторниот план, од аспект на забрана на пренамена на земјиште со квалитет од I-ва до IV-та бонитетна класа за неземјоделски цели, се регулира со членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за земјоделско земјиште (Сл. в. на РМ, бр. 135/07).

Согласно Законот за земјоделско земјиште (член 49), при зафаќање на нови земјоделски површини од I, II, III и IV-та бонитетна класа, предвидени со програмата за изработка на урбанистички планови и проекти, единиците на Локалната самоуправа се должни да прибаваат согласност за трајна пренамена на земјиштето од министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Пред изработката на Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип, за предвидениот простор да се утврди бонитетот на земјиште и доколку постои правен основ да се примени наведената законска обврска.

Шуми и шумско земјиште

За успешен развој и унапредување на шумите и шумското земјиште како и за подобрување на стопанско-производните, економските, општо корисните и заштитни функции на шумата потребно е усогласување со планскиот концепт на Просторниот план на Р.Македонија кој е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на терените каде е извршено разграничување на земјиштето-бонитирање, на терените каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на терените каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- Воведување на посовремена техника и технологија при користењето на шумските производи и порационално користење на дрвната маса преку зголемување на учество на техничко дрво за сметка на огревното и отпадокот при сеча и изработка на шумски сортименти;
- Зголемување на отвореноста на шумите со шумски комуникации, подобрување на квалитетот на шумските патишта и подобрување на условите за стопанисување со останатите шумски производи;
- Површините под шуми постојано да се зголемуваат преку пошумување на голините со квалитетен растителен материјал, со предност на автохтоните видови. Деградираните шуми и шикари интензивно да се преведуват во високи шуми.

Проекцијата за пошумување согласно Просторниот план на Р.Македонија за периодот до 2020 год. се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на Р. Македонија, во **Регионот на Штип** се планира пошумување во шума и вон шума на околу **10.380 ha**. Катастарските општини Штип, Долани, Липов Дол, Шашаварлија, Никоман, Калапетровци, Чифлик, Љуботен, Танатарци, Кошево, каде се предвидува изградбата на ветерниците припаѓаат на регионот на Штип. Се предвидува дека **во Штипскиот регион во 2020 год. вкупната површина под шуми ќе изнесува 18.600 ha**, дрвната маса се проценува на износ од околу **980.000 m^3** и вкупен годишен прираст од **35.000 m^3**. Во Регионот на **Радовиш** во кој се наоѓа катастарска општина Бучим, се планира пошумување во шума и вон шума на околу **4.700 ha**. Врз основа на тоа се предвидува дека **во Радовишкиот регион во 2020 год. вкупната површина под шуми ќе изнесува 45.600 ha**, дрвната маса се проценува на износ од околу **4.810.000 m^3** и вкупен годишен прираст од **126.000 m^3**.

Шумскиот фонд според формата на одгледувањето на шумите е групиран во три категории и тоа: високостеблени, нискостеблени и други категории главно слабопродуктивни и деградирани шуми. Една од главните цели за подобрување на шумскиот фонд е преведување и реконструкција на слабопродуктивни и деградирани шуми во попродуктивни и поквалитетни шуми. Според податоците во Радовишкиот Регион забележано е учество на деградирани шуми кои пак ги чинат (грмушките-шикари, макии и честерите) кои зафаќаат површина од 3316 ha или 8% од вкупната површина под шуми. Карактеристични се големите

површини под голини и необраснато шумско земјиште надвор од шумите од кои според проценките околу 50% се погодни за пошумување, голините кои се застапени во Штипскиот регион изнесува 21,1% од вкупната површина, што укажува на фактот дека во наредниот период потребно е подобрување на шумскиот фонд како по обем така и по квалитет со пошумувања на необраснати шумски земјишта во шумите и надвор од шумите.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството до 2020 година, дефинирани со Просторниот план на Р. Македонија:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;
- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост;
- Заштита на шумите со интродукција на видови отпорни на болести и штетници, примена на одгледувачки мерки, редовна контрола, подигање на појаси од пирофитни растенија, поставување и одржување на просеките.
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството;
- Спроведувањето на активностите ќе придонесат за зголемување на севкупната дрвна маса и подобрување на квалитетот на шумите.

Од аспект на **ловството**, територијата на поранешна Општина Штип и поранешна Општина Радовиш припаѓаат на посебни ловностопански подрачја и тоа: Штип на Брегалничко, а Радовиш на Струмичко ловностопанско подрачје.

Интереси и цели за унапредување на ловството најнепосредно се поврзани со развојот и унапредувањето на Р. Македонија и неразвиени подрачја и ридско-планински региони. Основна цел во стопанисувањето со дивечот ќе биде насочено кон целосна ревитализација на неговите популации до капацитетот на ловиштата. Остварувањето на оваа стратешка цел, главно ке се потпира на природниот начин на одгледувањето на дивечот и преку рестриктивен застрел.

Состојбата и проекцијата за високопланинските **пасишта** според податоците добиени со инвентаризација и извршеното планиметрирање на површините на пасишта распространети на планините од Источна Македонија, вкупната површина по планински масиви и општини изнесува: Штип 349 ha на Плачковица, и Радовиш 1381 ha на Плачковица.

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

Концептот на одржив развој на една земја е условен од нејзините природни ресурси и од нивното рационално користење. Водата како незаменлив ресурс е добро од општ интерес од кој зависи сé вкупниот развој на општеството.

Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "ресурс" зависи од можностите за реализација на одредени водостопански решенија. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните води". Во плановите за користење на водите треба да се има секогаш во предвид дека во идниот период потребите од вода само ќе се зголемуваат, со што "присутните" води кои ќе може да се користат како "ресурс" за реализација на одредени водостопански решенија само ќе се намалуваат.

Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на природното богатство на земјата, а со тоа и подобрување на квалитетот на живеење. Одржливиот развој подразбира чување на природното богатство, негово користење во мерка која дозволува негова репродукција и спречува конфликт меѓу сегашните и идните генерации. Во тој контекст во вкупниот развој во општеството потребно е усогласување на развојните стратегии и избегнување на конфликти во сите области на живеење.

Изградбата на фарма на ветерници Штип, вкупно 66 ветерници со поврзување на истите со пристапни патишта, кабловска мрежа и трафостаници на територијата на општините Штип, Радовиш и Карбинци која има големо значење за развојот на регионот, но и за Република Македонија треба да се усогласи со сегашната состојба и развојната политика во водостопанството. Целта е запазување на постојните водни ресурси и максимално избегнување на конфликтните точки меѓу фармата на ветерници и постојните и планираните водостопански објекти.

За пореално и целосно согледување на расположивите и потребните количини на вода во даден простор, територијата на Република Македонија е поделена на 15 водостопански подрачја (ВП) во трите основни сливови на реките Вардар, Црн Дрим и Струмица: ВП "Полог", "Скопје", " Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко - Радовишко", "Преспа", "Охридско - Струшко" и "Дебар".

Просторот на кој се предвидува изградба на фарамата на ветерници зафаќа дел од водостопанските подрачја (ВП) "Средна и Долна Брегалница" и "Струмичко-Радовишко".

ВП "Средна и Долна Брегалница" го опфаќа сливот на средниот и долниот тек на реката Брегалница, од браната "Калиманци" до вливот во река Вардар, со десните притоки Оризарска, Злетовска, Св. Николска и левите притоки Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица, додека ВП "Струмичко-Радовишко" го опфаќа целиот слив на река Струмица од изворишниот дел до преминот на Македонско Бугарската граница.

Богатството на вода во даден простор може да се изрази преку просторната дистрибуција на површинското истекување односно преку специфичното истекување л/сек/км^2. Овие водостопански подрачја спаѓаат во подрачја сиромашни со вода.

Специфичното истекување за река Брегалница мерено кај водомерниот профил "Берово" изнесува од q=11,8 л/сек/км^2, а кај водомерниот профил "Штип" q= 4,1 л/сек/км^2.

Додека ВП "Струмичко Радовишко" спаѓа во подрачје со најмали специфични истекувања во Р. Македонија, q=3,1 л/сек/км^2. (За споредба за сливот на река Радика q= 26,2 л/сек/км^2, за река Треска q= 12,9 л/сек/км^2).

Согласно Просторниот план на Република Македонија и долгорочните планирања, основна цел во развојот на водостопанството е **обезбедување на доволна количина на квалитетна вода**, првенствено за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија, а потоа за сите други дејности кои произлегуваат од сегашниот и планираниот развој на просторот. Проблемот од недостиг на вода во Републиката може да се реши со префрлување на вишокот на водите од еден во друг слив, односно од богатите во сиромашните водостопански подрачја. **За таа цел со Просторниот план на Р. Македонија зацртано е решение за изградба на Регионален Водостопански Систем (РВС) "Треска",** со кој ќе се зафаќаат води од реката Треска и ќе се префрлувааат кон Источна Македонија, односно ќе се покриваат потребите во ВП"Скопско", "Пчиња", "Средна и Долна Брегалница" и "Струмичко Радовишки".

Изградбата на овој систем е зацртана со Просторниот план на Република Македонија. За точно дефинирање на трасата на РВС "Треска" потребно е да се направат дополнителни студии и проектно технички документации, така да во овој период нема конфликт меѓу предвидената фарма на ветерници Штип и РВС "Треска".

Друг значаен ресурс на води кои најчесто се карактеризира со висок квалитет и може да биде корисен за покривање на потребите од вода посебно во подрачја сиромашни со вода како што се и овие ВП, се подземните води. Аквиферите формирани се главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради високиот квалитет, со кој најчесто се одликуваат, може да имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но потребни се дополнителни истражувања за нивниот квантитет и квалитет.

Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на ВП "Средна и Долна Брегалница" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Истибања - Кочани - Штип.

За подобрување на режимот на водите по количина, квалитет и време, **акумулациите** претставуваат клучни објекти во водостопанската инфраструктура.

Во ВП "Средна и Долна Брегалница" изградени се акумулациите "Калиманци" на р. Брегалница, "Градче" на р. Кочанска, "Пишица" на р. Пишица, "Мантово" на р. Лакавица и "Мавровица" на р. Мавровица.

Во идниот период во ова ВП се предвидува изградба на акумулациите "Речане" на река Оризарска, "Кнежево" (во фаза на градба) на Злетовска Река, "Баргала" на Козјачка Река и "Јаргмулар" на реката Брегалница.

За искористување на постојниот хидролошки потенцијал во ВП "Струмичко Радовишко" изградени се акумулациите "Водоча" на р. Водоча и "Турија" на р. Турија. Во наредниот период се предвидува изградба на акумулациите "Подареш" на река Подареш и "Ореховичка" на река Ореховичка.

Трасата на пристапниот пат и кабелот кои ги поврзуваат ветерниците минувата преку речните корита на помалите површински водотеци. При изведувањето на градежните зафати и во текот на функционирањето на ветерниците треба да се превземат соодветни техничко заштитни мерки, за да не дојде до нарушување на природниот режим на водотеците и нарушување на

рамнотежата на биодиверзитетот во нив. Исто така се забранува да се изведуваат работи кои би можеле да ги загрозат и да ги сменат природните услови во сливовите на водотеците поради кои би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои.

Фармата за ветерници преку која ќе се користи силата на ветерот како обновлив ресурс, е во согласност со принципите за заштита на животната средина и концептот за одржлив развој. Концептот на одржлив развој насочен е кон рационално користење на природните ресурси базирано на одржливи основи и користење во мерка која ќе дозволи нивна репродукција. Одржлив развој значи и задоволување на потребите на населението на начин кој не ја загрозува животната средина и го задржува правото на идните генерации на живот во сочувана средина. Сочувана животна средина значи дека не смее да се предизвика конфликт меѓу интересите на сегашните и идните генерации, да се обезбеди континуираност и рамнотежа во користењето на ресурсите и нивното обновување.

Енергетски извори и енергетска инфраструктура

Енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р.Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електро-енергетски системи (кои најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективните водови со доволен капацитет кој што нема да преставува пречка во трансмисијата на потребните количини на електрична енергија. Р.Македонија досега има 400 kV водови со Р.Грција, Косово и Р.Бугарија, а во план е градбата на водови кон Р.Србија и Р.Албанија. Водот кон Р.Бугарија минува северно, додека 400kV вод Штип-Дуброво минува источно од локацијата за фарма на ветерници и немаат конфликт.

Од постојните преносни 110kV водови во близина на локацијата, во овој регион, минува водот Штип-Бучим. Овој вод минува низ предвидената фарма на ветерници во правец исток-запад и можно е да има конфликт со ветерниците кои се планираат да се изградат северно од селата Љуботен и Чифлик, односно јужно од селото Бучим. При изработка на натамошната урбанистичка и идејна документација треба да се почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV" (Сл. лист на СФРЈ бр.65/1988 година).

Со Просторниот план на РМ не се планирани нови водови од 110kV напонско ниво во близина на локацијата за изградба на фарма на ветерници.

Гасовод и нафтовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и

другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минумум.

Изграденото крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р.Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Р.Македонија, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница Клечовце-Неготино, со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион, но сеуште не е утврдена точната траса на овој магистрален гасовод.

Во однос на **нафтоводите**, планирани и постојни, локацијата за фарма на ветерници нема да има конфликтни точки.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Населението спаѓа меѓу основните елементи на кои базира предвидувањето на идната организација. Тоа е најбитен фактор на идниот развој на земјата и општеството. Во прв ред населението треба да ја прифати неопходноста за менување на репродуктивното однесување и потребата од воспоставување нови норми при своето биолошко однесување, како предуслов за остварување на позначајни ефекти во наредниот период. Смирувањето на природниот прираст во согласност со стопанскиот развој на Републиката, ќе овозможи натамошни позитивни промени во семејството и подобрување на положбата на жената и децата. Со цел биолошката репродукција на населението во Републиката да стане рационална, мерките на популационата политика треба да бидат комплексни и регионално диференцирани, да се вклопуваат во развојните документи и да се сообразуваат со регионалните разлики на демографски, економски и социјален план.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на

населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општините Штип, Радовиш и Карбинци на чиј простор се предвидува изградба на фарма на ветерници, изнесува 80.052 жители.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Процесот на урбанизација веќе се одвива, а и во наредниот период ќе се одвива во општествено-економски услови во кои приватната иницијатива и пазарното стопанство ќе имаат значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен просторен развој.

Изградбата на **фарма на ветерници Штип, која ке содржи 66 ветерници со поврзување на истите** ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на **повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот**, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина. Изградбата на ветерниците ќе овозможи поефикасно **снабдување на руралните населби со електрична енергија,** односно приклучување на нови населби кон мрежата, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Во фармата на ветерници треба да се предвиди добро поврзување со пристапни патишта, кабловска мрежа и трафостаници на територијата на општините Штип, Радовиш и Карбинци. Развојот на инфраструктурната мрежа ќе биде во функција на системот на населени места.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на населбите, дефинирани во Просторниот план на Р. Македонија:

- Стимулирање на развојот на недоволно развиените и депопулираните подрачја;
- Создавање услови за непречено вршење на основните функции во населбите, обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Планско уредување и екипирање на населбите со елементи на комунална инфраструктура.

Просторниот план на РМ се залага за концепт на интегрален и полифункционалниот пристап во **организација и уредување на руралните простори**, како појдовна основа за развој и унапредување на квалитетот на живеењето во селските подрачја, при што приоритетна задача претставува **целосното активирање на расположивите потенцијали**, релевантни за развој на стопанството, кои ќе бидат искористени за создавање на систем за ефикасно организирано пазарно стопанисување.

Ваквата идеја и иницијатива за дејности од областа на изградба на фарма на ветерници е во духот на предложениот концепт за интегрален и децентрализиран развој.

Домување

Во планските определби и насоки на Просторниот план со концепцијата на **домувањето** за идниот период се надминува досегашната поларизација на урбаниот развој која доведе до создавање на големи урбани центри кои станаа жаришта на стопанскиот развој што ги зголеми нивните станбени инфраструктурни и други потреби додека руралните населби населението ги напушташе привлечено од моќта на големите градови.

Во таа смисла во третирањето на домувањето како една од основните функции на населбите, е применета концепцијата на полицентричен развој како посебен тип на развоен ресурс, што е особено важно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развојот. Суштината на овој пристап е што најмобилен елемент станува технологијата, а не работната сила. Со тоа постоечкиот станбен фонд како еден од почетните развојни ресурси овозможува јакнење на постоечките и создавање нови центри на развојот во функција на остварување на полицентричен развој. Домувањето општо, а станбената изградба посебно представува важна компонента на социјалниот и општо-стопанскиот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението. Утврдените глобални правци во долгорочниот стопански развој и идната просторна организација треба да влијаат во прв ред на просторно физички диспропорции во областа на домувањето и станбената изградба.

Иницијативата за изработка на **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип, каде се предвидени вкупно 66 ветерници со поврзување на истите, пристапни патишта, кабловска мрежа и трафостаници на територијата на општините Штип, Радовиш и Карбинци, отвара можност за воведување на алтернативни извори на енергија** и воедно современ начин на добивање на истата која ќе се примени во станбената изградба. Истовремено е во функција на концептот , кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој која се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Локацијата**, за изградба на фарма на ветерници Штип,** е во функција на развој на **алтернативни извори на енергија** и е надвор од урбаниот опфат на најблиските населби, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува клучен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупното стопанство и модернизација на другите области од стопанскиот и општествениот живот.

Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на производните индустриски дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Во областа на индустријата, во периодот по осамостојувањето на земјата, настанаа битни промени во поглед на сопственоста, организираноста на работите и преструктуирањето на производството што се од особено значење за поефикасно стопанисување и зголемување на производството.

Врз основа на сознанијата и определбите на националната стратегија за економски развој на Република Македонија (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните **насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата** се следните: **технолошко преструктурирање**, **извозна ориентација** на водечките сектори и гранки; пошироко воведување и развој на **еколошки-просторно прифатливо** индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира **просторната структура на факторите на разместеноста**, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; **развој на малите претпријатија**, заради остварување на концептот на децентрализиран развој и разместеност на индустријата.

Врз овие основи, во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Производството и потрошувачката на енергија се едни од релевантните **индикатори за достигнатото ниво на економски развој** на една земја или регион.

Од електро-енергетската инфра, односно супраструктура покрај изградбата на хидро електричните централи се издвојуваат ветерниците со новите технологии за производството на енергија за задоволување на сé поголемите потреби како на широката потрошувачка така и на стопанските дејности, од кои како голем потрошувач и корисник на овој ресурс се јавува индустријата.

Искористувањето на ветерот како алтернативен извор на енергија претставува најевтина и најсовремена енергетска технологија, која нуди брзо и долгорочно намалување на дефицитот на електрична енергија.

Реализацијата на Урбанистичка планска документација и изградбата на предвидените 66 ветерници на просторот на општините Штип, Радовиш и Карбинци е во функција на определбите за одржлив економски развој и примена на штедливи технологии во однос на природните ресурси и работната сила.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од

особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со „Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта „Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: Е-65, Е,-75, Е-850, Е-871.

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 - (СР - Куманово - Велес - Гевгелија - ГР);
- север-југ: М-3 - (СР - Блаце - Скопје - Петровец - М-1);
- исток-запад: М-2 и М-4 - (БГ - Крива Паланка - Куманово - Скопје - Тетово - Струга - АЛ и крак Скопје - СР);
- исток - запад: **М-5 - (БГ - Делчево - Кочани - Штип - Велес - Прилеп - Битола - Ресен - Охрид - Требеништа - М-4; крак: Битола - Меџитлија - граница со ГР);**
- север-југ: **М-6 - (БГ - Ново Село - Струмица - Радовиш - Штип - М-5; крак: Струмица - М-1).**
- исток-запад: М-7 - (АЛ - Блато - Дебар - Кичево - Прилеп - Кавадарци - Лакавица - М-6).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Регионални патни правци за дадената локација се:

- **Р-526**: Врска со М-5 Ново Село - Штип - Кадрифаково - врска со М-5 - Крива Круша - врска со М-5 - Велес - Извор - Прилеп - врска со Р-106;
- **Р-601**: Штип-врска со Р-526 - Плачковица.

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

Железнички сообраќај - Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР.....213,5 km
- СР - Блаце-Скопје .....31,7 km
- СР -Кременица-Битола-Велес.....145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово .....84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје.....143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај - Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје да се оспособи за прием и отпрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Телефонска мрежа - АД "T-Home" за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници. Комуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисници од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонските централи во Штип и Радовиш.

Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се T-Mobile, VIP и Cosmofon. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места;
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.);
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот;
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион покриен е со сигнал на мобилна телефонија на T-Mobile, VIP и Cosmofon.

Заштита на животната средина

Од областа на **заштитата на животна средина**, Урбанистичките проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот за заштита предвиден со Просторниот план, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти за да се усогласат барањата кои ги поставува одржливиот стопански развој и современиот третман на заштитата.

Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н.

Искористувањето на ветерот како алтернативен извор на енергија представува најевтина, најбрза за имплементација и најсовремена енергетска технологија, која нуди брзо и долгорочно елиминирање на штетните емисии во околната средина. Научните истражувања покажуваат дека емисиите на CO_2 кои се создаваат во периодот на дизајнирање, производство, транспорт и монтирање на ветерниците, во споредба со емисиите кои се јавуваат од постоечките извори на енергија се исклучително мали, и тоа 1% во однос на потрошувачката на јаглен, односно 2% од потрошувачката на природен гас при производство на единица електрична енергија. Ветерниците во тек на експлоатациониот период не емитираат штетни или токсични материи и емисии во животната средина и не ги осиромашуваат природните ресурси (јаглен, нафта или гас), односно не предизвикуваат штета врз животната средина преку екстракција или транспорт на ресурсите. По изминување на експлоатациониот период (после 20-25 години), ветерниците не предизвикуваат загадување на околната средина, а со тоа и опструирање на начинот на живот на идните генерации.

Фармите на ветерници се големи површини на кои се поставуваат голем број на ветерни турбини, електрично поврзани со локалната, или националната електрична мрежа.

На одредена површина можат да бидат поставени стотина ветерни турбини, со вкупна инсталирана моќност од неколку стотина MW. Сепак, електричната енергија која се внесува во мрежата е само мал дел од вкупната енергија, односно не повеќе од 15%. Конвенционалните извори скоро секогаш обезбедуваат поголем дел од потребната енергија во мрежата. Односот на внесената електрична енергија во мрежата, произведена во ветерните турбини, кон вкупната енергија во мрежата се изразува со т.н. фактор на уфрлување на енергијата од ветерот.

Вредноста на овој фактор зависи од повеќе параметри. Тука треба да се земат во предвид системите за производство на електрична енергија од ветерот, карактеристиките на конвенционалните извори на енергија, и капацитетот и дожината на електричната мрежа.

Основни карактеристики на една фарма на ветерници се:

- ветерните турбини се поврзани со електричната мрежа;
- произведената електрична енергија од ветерните турбини е мала, во однос на електричната енергија произведена од конвенционалните енергетски постројки;
- ветерните турбини бараат одредено ниво на електрична поддршка од електричната мрежа.

Мерките и активностите кои се превземаат во насока на рационално искористување на просторот и заштита на животната средина, при што се земени во предвид и посебните интереси на просторниот развој се:

- Спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и организирање и уредување на просторот со цел да се постигне севкупен развој;
- Утврдување на насоката и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја со помош на стручни упатства од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина. Неопходно е да се посвети поголемо внимание на планирањето на инфраструктурните коридори и објекти со приоритетно користење на постојните траси и помалку вредни простори;
- При планирање на уредувањето на просторот и прилагодувањето на новите потреби и иницијативи, потребно е да се утврдат оптималните можности на развој.

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на Урбанистичкиот проект е следна:

- Закон за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05; бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 и бр.83/09);
- Закон за заштита на природата (Сл. в. на РМ бр.67/04, бр.14/06 и 84/07);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04 и бр.92/07);
- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.107/07, бр.102/08 и бр.143/08);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ бр.79/07);
- Закон за водите (Сл.в. на РМ, бр.4/98 и Сл.в. на РМ, бр.87/08 и 06/09);
- Уредба за класификација на водите (Сл.в. на РМ бр.18/99);
- Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.в. на РМ бр.18/99);
- Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. на РМ, бр.74/05);
- Правилник за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 78/06, бр.140/07 и бр.12/09) и други законски и подзаконски акти.

Ветерниците имаат минимално и локално влијание врз животната средина. Со цел да се воспостави системот за заштита на животната средина, при процесот на изготвување на Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животната средина (Сл.в. на РМ бр.53/05; бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 и бр.83/09) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. на РМ, 74/05), за објекти од ваков профил **потребно е да се утврди потреба од спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.** Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од оваа Уредба, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- Согласно Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05; бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 и бр.83/09) и Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07), правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват **Елаборат за заштита на животната средина** со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот;

  Надлежноста за одобрување на елаборатот се утврдува согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Сл.в. на РМ бр.80/09) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборате а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл.в. на РМ бр.80/09).
- Да се запазат сите мерки за заштита од бучава во животната средина и да се врши постојан мониторинг согласно Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ, бр.79/07);
- Во насока на минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и намалување на бучавата до ниво кое нема да има негативно влијание врз луѓето и животинскиот свет во околината на предметната локација се препорачува современ дизајн на конструкцијата;
- Треперењето на сенката, како резултат на движењето на перките, би можело да има негативно влијание врз населението и биоценозите кои се во близина на ветерницата, заради што во насока на минимизирање на последиците е потребно да се направат испитувања под кој агол паѓаат сончевите зраци врз предметната локација во различни временски интервали од денот и во различните периоди од годината;
- Да се направи правилен избор на конструкција и техника за поставување на инсталациите во насока на заштита од ерозија предизвикана од ветер на околното земјиште и сливните подрачја на реките кои се наоѓаат во близина на предметната локација;
- Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.107/07, бр.102/08 и бр.143/08) создавачите на отпад се должни во најголема можна мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената

селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање и повторно употребен или искористен како извор на енергија;

- Се препорачува депонирање на отпадните материи кои би се јавиле во фазата на градба или евентуално во експлоатациониот период во постојната депонија се до изградба на новопредвидената регионална санитарна депонија во Штипско-кочанската зона, согласно Просторниот план на Р. Македонија.

Концептот за заштита на животната средина се базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирање на Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип потребно е да се посвети посебно внимание на:

- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во предвидениот простор;
- Одржување на крајбрежната вегетација на водотеците во близина на предметната локација за заштита од ерозивен нанос;
- При изработката на Урбанистичкиот проект да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство и биолошката и пределската разновидност)*, Урбанистичките планови и проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на природните блага;
- зачувување на доминантните карактеристики на постојната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, бр. 14/06 и бр.84/07) и Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05; бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 и бр.83/09) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство изработена за потребите на Просторниот План на Република Македонија, фармата на

ветерници Штип навлегува во опфат на *општините Штип, Радовиш и Карбинци* и добиени се следните резултати:

Општина Штип

– нема евидентирано евидентирано природно наследство.

Општина Радовиш

– **Мочарник, СП** (споменик на природата), предлог за заштита
Локалитетот се наоѓа во Длабока Река, на околу 6 km северно од селото Шопур. Истиот претставува геолошки профил на кластично-карбонатни седименти богати со маринска фауна-амонити, школки, полжави и др. Фауната е карактеристична за албски кат од долна јура и ценомански кат од горна јура.
Заради разновидната фосилна фауна од долна и горна креда, како ретко наоѓалиште во нашата земја, локалитетот има значаен статус за научно истражувачка дејност и едукација во доменот на стратиграфијата, палеонтологијата и палеологијата.
Локалитетот не е загрозен во досегашниот период, а треба да се респектира во случај на изградба на патишта на подрачјето.
Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN) има *меѓународен статус*: III категорија и *режим на заштита*: 1.

Општина Карбинци

– нема евидентирано евидентирано природно наследство.

Согласно претходно наведеното може да констатираме дека во општините Штип и Карбинци нема евидентирано природно наследство.

Потребно е да се утврди дали просторот предвиден за изработка на Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип, вкупно 66 ветерници со поврзување на истите, пристапни патишта и кабловска мрежа и трафостаници на територијата на општините Штип, Радовиш и Карбинци е во близина или навлегува во опфат на предложениот за заштита Споменик на природата Мочарник. Доколку предметната локација е во непосредна близина или навлегува во опфат на споменикот на природата треба да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07).

Доколку при изработката на Урбанистичка планска документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со изградбата на фарма на ветерници на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

– Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
– Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или просторениот план за подрачје со специјална намена;

- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природно вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07).

Заштита на културно и историско наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ, бр. 20/04, бр. 115/07), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните населби** и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето кое е предмет на анализа регистрирани се недвижни културни добра (Екпертен елаборат):

1. *Родна куќа на Михајло Апостолски, ул."Никола Карев" бр.36, Штип, 20 век;*
2. *Родна куќа на Славчо Стојменски, ул."Славчо Стојменски" бр.29, Штип, 20 век;*
3. *Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев, Кеј"Димитар Влахов" бб, Ново Село, 20 век;*
4. *Родна куќа на Ванчо Прке, ул."Вера Циривири" бр.15, Штип, 20 век;*
5. *Тврдина "Исар", Штип, среден век;*

6. *Безистен, Штип, 16-17 век;*
7. *Зграда (Банка), ул."Маршал Тито" бб, Штип, 1925 год.;*
8. *Митрополија, ул.'ТоШо Арсов" бр.3, Штип;*
9. *Магаза, ул.'Иво Рибар Лола" бр.54, Штип;*
10. *Училишна зграда, ул.'Цветан Димов" бб., Штип;*
11. *Црква Св.Троица, градска некрополa, Штип.*
12. *Мост на река Брегалница (Султан Ќучук Емир), Штип, турски период;*
13. *Саат кула, ул."Кирил и Методиј" бр.70, К.П.7989, Штип, турски период;*
14. *Хусамедин - паша џамија, Штип, 17 век;*
15. *Црква Св. Троица, Штип, 1922-25 год.;*
16. *Црква Св.Арханѓел Главатов, Штип, 14 век;*
17. *Црква Св.Арханѓел Михаил (Фитија), Штип, 14 век;*
18. *Црква Св.Јован, Штип, 1350 год.;*
19. *Црква Св.Никола, Штип, 1867 год.;*
20. *Црква Св.Спас, Штип, 1369 год.;*
21. *Банка, ул.'Маршал Тито" бб., Штип.*

Во **Археолошката карта на Република Македонија**, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се локалитети:

- **КО Никоман** - нема;
- **КО Шашаварлија** - *Чепрево,* средновековна населба од доцноантичко време, се наоѓа на околу 7 km од селото, близу до меѓите со атарот на Штип;
- **КО Калапертровци** - нема;
- **КО Кошево** - нема;
- **КО Штип** - *Астибо - Стар Конак,* населба од римско време, општо мислење дека локацијата на Астибо треба да се бара на Брегалница и во околината на Штип, како појдовни елементи биле земени археолошки траги и денешно растојание меѓу Штип и Стоби;

  Бабите, тумули од железно време, се наоѓа на околу 600 m северно од новата населба Баби, на десната страна од патот Штип-Стар Караорман;
  Исар, средновековна тврдина, се наоѓа во западниот дел на градот, на западната страна со коритото на Брегалница, а на јужната со коритото на Отиња;
  Кемер, аквадукт од римско време, се наоѓа во коритото на реката Отиња, на околу 500 m североисточно од градот;
  Св.Арцанѓел Главатов, средновековна црква, се наоѓа во маалото Стар Конак;
  Св.Арцанѓел Михаил(Фитија), средновековна црква со некропола, се наоѓа во долниот дел на падините на ридот Исар;
  Св.Василиј, средновековна црква, се наоѓа на северната страна во подножјето на Исар;
  Св.Илија, средновековна црква, се наоѓа на левата страна од градот;
  Св.Јован Крстител, средновековна црква, се наоѓа на јужната падина на Исар, десно од крилото на Отиња, пред влезот на Ново Село;
  Трговски центар, рудник од римско време, се наоѓа во централниот дел на градот, од десната страна на реката Отиња;
  Тузлија, некропола од римско време, се наоѓа во непосредна близина на Стар Конак на падините што се спушта кон коритото на Брегалница;

- **КО Липов Дол** - нема;
- **КО Долани** - *Дива Топола,* населба од доцноантичко време, се наоѓа помеѓу 10-тиот и 11-тиот километар на патот Штип-Струмица;
  Ерџелија, населба од доцноантичко време, се наоѓа во непосредна близина на локалитетот Кале-Градиште;
  Јеребичова Вода, водовод од доцноантичко време, се наоѓа на 400 m источно од селото;
  Кале - Градиште, утврдена населба од доцноантичко време, се наоѓа на 1.5 km јужно од селото;
  Кутлевац, населба од римско време, се наоѓа на 12-тиот километар од двете страни на патот Штип-Радовиш, на десниот брег на реката Лакавица;
  Рамниште, населба од римско време, се наоѓа на околу 100 m јужно од селото;
  Ќерамидница, населба од доцноантичко време, се наоѓа на 1.5 km од патот Штип-Радовиш, на големата рамнина долга 500 m и широка 30 m, која лежи на левиот брег на реката Лакавица;
  Чука, населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа на зарамнета тераса на левиот брег на раката Лакавица, оддалечена 1 km десно од патот Штип-Радовиш, со површина од околу 2 ha;
- **КО Љуботен** - нема;
- **КО Чифлик** - нема;
- **КО Танатарци** - *Вршник,* населба од неолитско време, се наоѓа на околу 800 m североисточно од селото, во некогашното лозје на ЗИК "Црвена Звезда";
  Крст, могили од римско време, се наоѓа на излезот од селото, лево од патот за село Радање;
  Стари селски гробишта, средновековна црква со некропола, се наоѓа во самото село;
- **КО Селце** - *Јарма,* населба од доцноантичко време, се наоѓа на околу 700 m северно од селото, во подножјето на ридот Страна;
  Тумба, могила од римско време, се наоѓа на јужниот крај од месноста Јарма, оддалеченост од селото на 250-300 m;
- **КО Бучим** - *Бунарџик,* средновековна населба, се наоѓа на 1 km југоисточно од селото;
  Воденички Пат, тумул од железно време, се наоѓа јужно од селото;
  Грамада, некропола од железно време, се наоѓа на 1 km западно од селото;
  Клисекајси, средновековна некропола, се наоѓа на 100 m северозападно од селото;
  Падарница, тумул од железно време, се наоѓа на 1 km југоисточно од селото, на левата страна на патот за локалитетот Воденички Пат;
  Тумбарка, тумул од железно време, се наоѓа на околу 100 m југоисточно од селото;
- **КО Дамјан** - *Грамади,* населба од доцноантичко време и среден век, се наоѓа на околу 500 m североисточно од селото;
  Јасен, населба од доцниот среден век, се наоѓа на околу 7-8 km северозападно од селото, на десната страна од патот Радовиш-Штип;
  Канли Чаир-Бојковци, населба од неолитско време, се наоѓа северозападно од селото, во долината на реката Тополница, опкружена со рудните масиви на Дамјан и Бучим;

Маденска Река, населба од доцноантичко време, се наоѓа во непосредна близина на рудникот Дамјан;
Марчово, населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа во близина на рудникот Дамјан, на околу 2 km западно од селото;
Оградѓе, населба од доцноантичко време и среден век, се наоѓа непосредно до селото;
Османова Ритка, средновековен сакрален објект, се наоѓа на 1 km југоисточно од селото;
Падарница, тумул од железно време, се наоѓа на 200 m северозападно од селото;
Стар Манастир, утврдена рударска населба од железно и доцноантичко време, лежи на падините од ридот кој на север се спушта до коритото на Тополничка Река;
Сурим Врчва, средновековен сакрален објект, се наоѓа на 5 km југозападно од селото;
Турски Гробишта, доцноантичка некропола, се наоѓа на околу 600 m северно од селото, во непосредна близина на локалитетот Грамади;
Црквиште, средновековна некропола, се наоѓа во непосредна близина на селото;

- **КО Голем Габер** - *Јумруташ,* утврдување од доцноантичко време;
  Крст, некропола од доцноантичко време, се наоѓа на 800 m западно од селото, помеѓу ридовите Крсбаир и Батаклак;
- **КО Мал Габер** - нема.

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот *локалитет со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство;

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање, во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-

конзерваторски основи за културно наследство (согласно член 71 од Законот за заштита на културно наследство).

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

Развој на туризмот и организација на туристичките простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае како врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја обавува дејноста. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат и нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на два туристички региони: **Брегалничкиот туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 29 туристички локалитети и Струмичко-Радовишкиот регион со утврдени 4 туристички зони и 12 туристички локалитети.**

Поголемиот дел од предметната локација, односно 51 ветерница од вкупно 66, припаѓа на Брегалнички туристички регион, кој припаѓа на туристичките региони со најголем број туристички зони и локалитети, односно 9 туристички зони и 29 локалитети и тоа:

Туристички регион	Туристичка зона	Туристички локалитети
	Плачковичка зона 1	Шумска Куќа
		Туртел
	Штип-Кежовица-Кр. Лакавица	Штип
		Кежовица
		Кр. Лакавица
	Плачковичка зона 2	Виница
		Блатец
		Лисец

Брегалнички регион		Готен
	Малешево	Берово
		Пехчево
		Беровско езеро
		Абланица
		Бреза
		Суви Лаки
	Пијанец	Делчево
		Калиманско езеро
		Голак
	Јужна Осоговска зона	Кочани
		Бања
		Езеро Градче
		Пантелеј
		Пониква
	Плачковичка зона 3	Зрновци
	Пробиштипска зона	Пробиштип
		Лесново
	Свети Николска зона	Св. Николе
		Гуриште
		Богословец

Останатиот дел односно 15 ветерници припаѓаат на Струмичко - Радовишкиот регион со 4 туристички зони и 12 туристички локалитети и тоа:

Туристички регион	**Туристичка зона**	**Туристички локалитети**
Струмичко-Радовишки регион	Струмичка зона	Струмица
		Езеро Водоча
		Банско
		Смолари
	Турија-Огражден	Езеро Турија
		Асебалица
		Варварица
	Мантовска зона	Мантово
	Западно-Плачковичка зона	Козбунар
		Шипковица
		Детско одмаралиште
		Радовиш

Согласно поставките за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, од природни и техничко-технолошки катастрофи

Заштита од воени разурнувања - Согласно Просторниот план на Република Македонија и согласно Законот за одбрана (Сл.в. на РМ, бр.42/01, бр.05/03, бр.58/06 и бр.110/08), Законот заштита и спасување (Сл.в. на РМ, бр.36/04, бр.49/04 и бр.86/08) и Законот за управување со кризи (Сл.в. на РМ, бр.29/05), просторот предвиден за изработка на **Урбанистичка планска**

документација за изградба на фарма на ветерници Штип според степенот на загрозеност од воени дејствија навлегува во две зони и тоа: **индиректно загрозени простори и простори погодни за слободни територии**.

Индиректно загрозени простори се ридско-планинските и субпланинските простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбените дејства) или во близина на просторите погодни за формирање слободна територија, поради што се погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и сл.

Простори погодни за слободни територии се подрачја кои поради своите природни својства се тешко пристапни на оклопно-механизираните единици, надвор од урбаните агломерации и комуникациите и од главните насоки на напаѓање. Овие подрачја поради слабата населеност и недоволната изграденост имаат низок степен на повредливост, заради што се погодни за формирање на слободни територии. Истовремено овие простори, кои заземаат над 50% на територијата на Републиката, заради своите географски, морфолошки и геостратегиски карактеристики се природни одбранбени бастиони, во кои е можна успешна организација на одбраната.

Според тоа во согласност со член 53 од Законот заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр.36/04) треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Посебно треба да се обрати внимание на член 3 од Одлука за определување на објектите и зоните од значење за одбраната (Сл.в. на РМ, бр.83/03). Притоа е потребно да се оствари максимална соработка со органите надлежни за одбраната и заштитата и спасувањето.

Обврската на планирање и изградбата на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти, и тоа:

- Законот за одбрана (Сл.весник на РМ, бр.42/01, бр.05/03, бр.58/06, бр.110/08);
- Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, бр.49/04 и бр.86/08);
- Законот за управување со кризи (Сл.весник на РМ, бр. 29/05);
- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.24/08);
- Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места (Сл.весник на РМ, бр.80/05);
- Уредба за спроведување на засолнувањето (Сл.весник на РМ, бр.93/05);
- Уредба за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.весник на РМ, бр.105/05);
- Одлука за утврдување на загрозени зони (Сл.весник на РМ, бр.105/05);
- Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл. весник на РМ, бр. 78/06) и

Правилник за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 78/06, бр.140/07 и бр.12/09).

Заштита од природни катастрофи - Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.

Подрачјето каде се наоѓа фармата на ветерници според досегашните сеизмолошки истражувања, се наоѓа во зона на **VIII-ми степен** по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалувањето на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно-правната регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Од останатите метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли.**

Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа **громобранска инсталација** и нејзино континуирано одржување.

За успешно функционирање на **заштитата од други несреќи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се превземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на пожарите.

Заштита од техничко-технолошки катастрофи - Од аспект на заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е анализата на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување се:

- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на основните цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи: максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности; вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот; интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технички катастрофи треба да бидат базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- **енергетските системи**, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси;
- Просторните планови на регионите, општините и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:
- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина;

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, **површините за сите урбани содржини да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).**

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип. Во опфат на фармата за ветерници предвидени се вкупно 66 ветерници со поврзување на истите, пристапни патишта, кабловска мрежа и трафостаници на територијата на општините Штип, Радовиш и Карбинци.

Економски основи на просторниот развој

- Согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија, идниот развој и разместеноста на стопанските дејности на овој простор вклучително и изградбата и активирањето на предвидените ветерници треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

Шуми и шумско земјиште

- Од изнесеното за состојбата, заштитата и можностите за користење на шумите и шумското земјиште може да се констатира дека во наредниот период е потребно да се подобруваат и унапредуваат шумите и шумското земјиште со цел да се зголеми количината, квалитетот и прирастот на дрвната маса, а со тоа ќе се зголеми влијанието на неопходните општокорисни функции, остварување на можните оптимални економски и останати ефекти кои ќе имаат позитивно влијание врз севкупниот развој. Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен план и програма.
- Ловството да се унапредува преку планско и стручно стопанисување со ловиштата, заштита на дивечот од биотски и абиотски фактори, казнена политика против криволовство.
- Високопланинските пасишта имаат мошне значајни стопанско-производни и општокорисни функции односно претставуваат добра од општ интерес за Републиката, кои во наредниот период треба да имаат третман на перманентна заштита, унапредување и рационално користење што значи реализација на агро-технички мерки (потсејување со тревни смески, класификација, ѓубрење, чистење на коров, чистење на камен, косење и др) за остварување на општокорисните функции како што се: стопанска, заштитна, туристичко-рекреативна, естетско-песажна.

Заштита на земјоделско земјиште

- При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија). Приоритет е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето од I-IV класа во неземјоделско земјиште.

- Врз основа на Законот за земјоделско земјиште (Сл. весник на РМ бр. 135/07 од 08.11.07), пренамена на земјоделско земјиште се регулира со членовите 48, 49, 50, 51. Согласно Член 49, при зафаќање на нови земјоделски површини од 1, 2, 3 и 4 бонитетна класа предвидени со програмата за изработка на урбанистички планови, **ЕЛС се должни да прибаваат согласност за трајна пренамена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.**
- **Пред изработката на Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип, за предвидениот простор да се утврди бонитетот на земјиште и доколку постои правен основ да се примени наведената законска обврска.**

Водостопанска инфраструктура

- Изградбата на фармата за ветерници "Штип" нема конфликт со постоечките и планираните водостопански решенија. Изградбата на фармата за ветерници "Штип" преку која се искористува силата на ветерот како обновлив ресурс е во согласност со принципите за заштита на животната средина и концептот за одржлив развој.

  Согласно Просторниот план на Република Македонија и долгорочните планирања, основна цел во развојот на водостопанството е обезбедување на доволна количина на квалитетна вода. Проблемот од нерамномерната распостранетост на вода во Републиката предвидено е да се реши со префрлување на вишокот на водите од еден во друг слив, односно од богатите во сиромашните водостопански подрачја. За таа цел со Просторниот план на Р. Македонија зацртано е решение за изградба на Регионален Водостопански Систем (РВС) "Треска", со кој ќе се зафаќаат води од реката Треска и ќе се префрлувааат кон Источна Македонија, односно ќе се покриваат потребите во ВП"Скопско", "Пчиња", "Средна и Долна Брегалница" и "Струмичко Радовишки".

  Изградбата на овој систем е зацртана со Просторниот план на Република Македонија. За точно дефинирање на трасата на РВС "Треска" потребно е да се направат дополнителни студии и проектно технички документации, така да во овој период нема конфликт меѓу предвидената фарма на ветерници Штип и РВС "Треска".
- Трасата на пристапниот пат и кабелот кои ги поврзуваат ветрениците минувата преку речните корита на помалите површински водотеци. При изведувањето на градежните зафати и во текот на функционирањето на ветерниците треба да се превземат соодветни техничко заштитни мерки, за да не дојде до нарушување на природниот режим на водотеците и нарушување на рамнотежата на биодиверзитетот во нив. Исто така се забранува да се изведуваат работи кои би можеле да ги загрозат и да ги сменат природните услови во сливовите на водотеците поради кои би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои.

Енергетски извори и енергетска инфраструктура

- Предложената локација за градба на фарма за ветерници може да има конфликт со преносниот 110kV вод Штип-Бучим кај селата: Љуботен, Чифлик и Бучим. При изработка на натамошната урбанистичка и идејна документација за ветерниците кои се во конфликт со овој вод, треба да се

почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV".

Урбанизација

- Изградбата на **фарма на ветерници,** ќе предизвика позитивни ефекти базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

- Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип, вкупно 66 ветерници со поврзување на истите, пристапни патишта и кабловска мрежа и трафостаници на територијата на општините Штип и Радовиш,** нуди можност за понуда на квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој која се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина и **отвара можност за воведување на алтернативни извори на енергија** и воедно современ начин на добивање на истата која ќе се примени во станбената изградба.
- Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина.

Јавни функции

- Предложената локација за **фарма на ветерници Штип, вкупно 66 ветерници со поврзување на истите, пристапни патишта и кабловска мрежа и трафостаници на територијата на општините Штип, Радовиш и Карбинци** е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на друг тип на јавни функции, на истата локација што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу нив.

Индустрија

- Реализацијата на Урбанистичката планска документација и изградбата на предвидените 66 ветерни електрани на просторот на општините Штип, Радовиш и Карбинци е во функција на определбите за одржлив економски развој и примена на штедливи технологии во однос на природните ресурси и работната сила.

Сообраќајна инфраструктура

- Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија. Успешното функционирање е во директна корелација со квалитетот и степенот на развиеност на расположивата инфраструктура.

Заштита на животната средина

- Согласно Законот за животната средина (Сл.в. на РМ бр.53/05; бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 и бр.83/09) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. на РМ,

74/05), за објекти од ваков профил **потребно е да се утврди потреба од спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.** Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од оваа Уредба, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

- Согласно Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05; бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 и бр.83/09) и Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07), правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват **Елаборат за заштита на животната средина** со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот;

  Надлежноста за одобрување на елаборатот се утврдува согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Сл.в. на РМ бр.80/09) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборате а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл.в. на РМ бр.80/09).
- Да се запазат сите мерки за заштита од бучава во животната средина и да се врши постојан мониторинг согласно Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ, бр.79/07);
- Во насока на минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и намалување на бучавата до ниво кое нема да има негативно влијание врз луѓето и животинскиот свет во околината на предметната локација се препорачува современ дизајн на конструкцијата;
- Треперењето на сенката, како резултат на движењето на перките, би можело да има негативно влијание врз населението и биоценозите кои се во близина на ветерницата, заради што во насока на минимизирање на последиците е потребно да се направат испитувања под кој агол паѓаат сончевите зраци врз предметната локација во различни временски интервали од денот и во различните периоди од годината;
- Да се направи правилен избор на конструкција и техника за поставување на инсталациите во насока на заштита од ерозија предизвикана од ветер на околното земјиште и сливните подрачја на реките кои се наоѓаат во близина на предметната локација;
- Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.107/07, бр.102/08 и бр.143/08) создавачите на отпад се должни во најголема можна мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање и повторно употребен или искористен како извор на енергија;
- Се препорачува депонирање на отпадните материи кои би се јавиле во фазата на градба или евентуално во експлоатациониот период во постојната депонија се до изградба на новопредвидената регионална

санитарна депонија во Штипско-кочанската зона, согласно Просторниот план на Р. Македонија.

- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во предвидениот простор;
- Одржување на крајбрежната вегетација на водотеците во близина на предметната локација за заштита од ерозивен нанос;
- При изработката на Урбанистичка планска документација да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Природно наследство

- Согласно претходно наведеното може да констатираме дека **во општините Штип и Карбинци нема евидентирано природно наследство**.
- Потребно е **да се утврди дали просторот предвиден за изработка на Урбанистички проект за изградба на фарма на ветерници Штип**, вкупно 66 ветерници со поврзување на истите, пристапни патишта и кабловска мрежа и трафостаници на територијата на општините Штип, Радовиш и Карбинци **е во близина или навлегува во опфат на предложениот за заштита Споменик на природата Мочарник**. Доколку предметната локација е во непосредна близина или навлегува во опфат на споменикот на природата треба да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07).
- Доколку при изработка на Урбанистичка планска документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со изградбата на фарма на ветерници на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно со Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07).

Културно и историско наследство

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Службен весник на РМ, бр.20/04, бр.115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на член 129 од Законот.

Развој на туризмот

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 29 туристички локалитети и дел во Струмичко-Радовишкиот регион со утрврдени 4 туристички зони и 12 туристички локалитети.**
- Согласно **поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност,** за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната

организација на стопанските дејности **да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разорнувања, природни и техничко - технолошки катастрофи

- Подрачјето каде се наоѓа фармата на ветерници според досегашните сеизмолошки истражувања, се наоѓа во зона на **VIII-ми степен** по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти и инфраструктурата;
- Задолжителна е примена на **мерки за заштита од пожар;**
- Просторот за кој е предвидена изработка на Урбанистичка планска документација за изградба на фарма на ветерници Штип според степенот на загрозеност од воени дејствија навлегува во две зони и тоа: индиректно загрозени простори и простори погодни за слободни територии, што исто така наметнува задолжителна примена на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето просторот.

Фарма на ветерници


Штип
NW=196‰
N=34‰
NE=24‰
W=52‰
C=419‰
E=13‰
SW=50‰
S=29‰
SE=183‰
Радовиш
NW=175‰
N=51‰
NE=22‰
W=196‰
C=272‰
E=116‰
WS=41‰
S=50‰
SE=77‰
P=1:50 000
Општинска граница
Катастарска граница
ŠTIP
Golem Gaber
Mutija
Čepigovo
Šošavarlija
Lipov Dol
Koševo
Dolani
Ruše
Ljuboten
Čiflik
Arnautski Kolibi
Kaldrma
Bučim
Topolnica
Baltalija
Tanatarci
Goračino
Sopur
Lakavica
Puhče
Gjunci
Dubrovo
Gladno Pole
Umište
Šumarkite
Šumak
Katrandžija
Karatarla
Kumlak
Kavakija
Derven
Drenka
Kamen
Sredni Rid
Crni Vrv
Šaplak
Ramnište
Rizvan
Mandatek
Masarlija
Sauk Bunar
Supu
Uzun Čair
Daldum Čair
Katrandžija
Dolni Čurlin
Kupino
Sofra Bair
Nikoman
Kodža Kran
Karatarla
Kalapetrovci
Stojanova Čs.
Jagmudička Čs.
Strumina Čs.
Mitrina Čs.
Jarebičova Voda
Cangilce
Zobnici
Klise Bair
Kula
Grmada
Široka Padina
Čurlin
Edželija
Krivi Dol
Bandera
Dlaboka R.
Uzun Bair
Kaolin
Srednji Rid
Kriva Lakavica
Kula
Pilav
Logor
Madenska R.
Progon
Jasen
Bolkovica
Gorenci
Suvi P.
Gorup
Cujpetel
Presla
Ruevo Br.
Kaman
Šošavarliska R.
Kalapetrovska R.
Kodžalarska R.
Mečkov Kld.
Pogled
Tašli Bair
Tekeznik
Todorova Čs.
Topolnička R.
Nikola Čs.
Sarisa
Vrčnjak
Dumanes Bair
Kodžalarski
Ramnište
Gradište
Sredenski
Čiflik
Orlovamn
Čausirov Rid
Šumarkite

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ



Сектор:

Синтезни карти

Тема:

Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето *Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето *Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
